Врската со поширокаата околина е воспоставена преку локалната патна мрежа . Во поглед на можноста за приклучување на патната мрежа, планскиот опфат непосредно се наоѓа до некатеризиран локален пат. Влез во градежната парцела е од источната страна на проектниот опфат, односно од пристапна улица, преку која проектниот опфат се поврзува со поширокаата околина и со Регионот. Можноста за поврзување на електро енергетската мрежата е планирано од постојната-улична мрежа. Условите и енергетската огласност за приклучок се во надлежност на ЕВН на Македонија. Примарно, снабдувањето на објектите со санитарна вода е од постојнатат водоснабдителна улична водоводна мрежа. Одводнувањето на отпадни води (фекални) ќе се реализира преку ново планираната фекална канализација,која се надоврзува на планирана септичка јама. Површинските атмосферски води се регулирани и истите ќе се одведуваат во самата локација. Како што е погоре кажано овие мерки се предвидуваат за превентивна заштита на подземните и површинските водотеци од загадување и непречено функционирање на објектите.

4.ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ

Урбанистички проект за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГПЗ.12А -Блок 3 од УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона, К.О.Ќојлија, Општина Петровец, со основна класа на намена **Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија**, се изработува врз основа на членот 58, став 2, точка 4 од **Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 32/20)**.

Општите и посебните одредби за градба се дел од условите од планираниот: **Урбанистички проект за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГПЗ.12А -Блок 3 од УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона, К.О.Ќојлија, Општина Петровец.**

При изработката на овој УП, општите услови се во целост составен дел на посебните услови на УП.

Општи параметри за спроведување на планот:

- **Регулаторни линии** се линиски симболи што преставуваат графички плански одредби во урбанистички план со кои се вршат примарната, секундарната и терцијалната делба на градежното земјиште, како што се регулационата линија, границата на градежната парцела и градежната линија и кои служат за планирање на генералната и на деталната регулација во урбанистичкото планирање;

Регулационата линија е граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели наменети за поединечна градба.

Градежна парцела е најмала единица на градежно земјиште што е оформена со урбанистички план и на кое е планирано градење на градба, при што парцелата е ограничена со регулациона линија и граници на градежната парцела и го опфаќа земјиштето под градбата и дворното место односно земјиштето за редовна употреба на градбата.

Градежната линија е регулаторна линија во урбанистички план која ја определува и ограничува површината за градење во рамките на градежната парцела односно линија до која што во градежната парцела може да се планира површина за градење или изградба на објектот.

- **Дозволена максимална висина за градба**

Максимална височина за градба е изразена како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата .

Максималната височина е изразена во должни метри и тоа за секој поединечен објект .

Горниот венец е секогаш во вертикална рамнина со градежната линија, а отстапување е можно во рамките на фасадната пластика согласно **Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 225/20 и 219/21)**.

- **Површина за градба**

Површината за градба е дефинирана со границите на градежните линии дадени во графичкиот дел од УП.

Во градежната парцела има предвидено една површина за градење, која е дефинирана согласно член 58 од **Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 32/20)**, како и **Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр. 225/20 и 219/21)** .

- **Коефициент на искористување и процент на изграденост**

Коефициент на искористување на земјиштето е дефиниран во планираниот УП и истиот изнесува 1.07.

Процент на изграденост на земјиштето е дефиниран во планираниот УП и истиот изнесува 39.28% и е во границите на нормативите за оваа градежна парцела.

- **Обележување на парцелите и објекти**

Обележувањето на градежните парцели и објекти во УП се обележани со двочлена номенклатура, градежната парцела е означена со арапски цифри 3.12.А. Нумерацијата на градежната парцела во проектот е означена со арапски цифри 3.12.А.1, 3.12.А.2 итн.

- Поради посебните услови за градба за парцелата. согласно претходниот АУП превземена е предвидената трафостаница во склоп на веќе изведениот и другите планирани објекти.

5. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБА по **Урбанистички проект за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГПЗ.12А -Блок 3 од УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона, К.О.Ќојлија, Општина Петровец**.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ - ПОСТОЈНА СОСТОЈБА					
нумерација на градежна парцела по УП	**површина на проектен опфат (m2)**	**површина на градежна парцела (m2)**	**намена на површини**	**површина на намени(m2)**	процент %
01	02	03	04	05	06
3.12.А	25143.47	25143.47	3.12.А.1 - Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Изведена состојба)	8014.31	31.87%
			Е1.6 - Септичка јама	25.00	0.10%
			Е1.5 - Бунар	4.91	0.02%
			Останато	17099.25	68.01%
			Вкупно	**25143.47**	**100.00%**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ - ПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА					
нумерација на градежна парцела по УП	**површина на проектен опфат (m2)**	**површина на градежна парцела (m2)**	**намена на површини**	**површина на намени(m2)**	процент %
01	02	03	04	05	06
3.12.А	25143.47	25143.47	3.12.А.1 - Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Изведена состојба)	8014.31	31.87%
			3.12.А.2 - Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Согласно одобрен АУП)	928.37	3.69%
			3.12.А.3 - Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Согласно одобрен АУП)	12.00	0.05%
			3.12.А.4 - Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Новопланирана состојба)	890.56	3.54%
			Е1.6 - Септичка јама	25.00	0.10%
			Е1.5 - Бунар	4.91	0.02%
			Д1-ПАРКОВСКО И ПЕЈСАЖНО ЗЕЛЕНИЛО	4695.82	18.68%
			Е1-СООБРАЌАЈНИ И ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ - Внатрешни улици	3534.87	14.06%
			Е1-СООБРАЌАЈНИ И ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ - Пешачки патеки	7037.62	27.99%
			Вкупно	**25143.47**	**100.00%**

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ - ПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА											
УП за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГПЗ.12А -Блок 3 од УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона, К.О.Ќојлија, Општина Петровец											
нумерација на градежна парцела	нумерација на објекти	класа на намена	компатибилна класа на намена	максимална висина	катност	површина на градежна парцела (m2)	површина за градење (m2)	вкупна бруто развиена површина (m2)	процент на изграденост (%)	коефициент на искористеност	број на паркинг места во парцела
01	02	03	04	05	06	07	08	09	10	11	12
3.12.A	3.12.A.1	Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Изведена состојба)	-	12.00 m	П+2	25143.47m2	8014.31m2	24042.93m2	31.87%	0.96	35
	3.12.A.2	Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Согласно одобрен АУП)	-	8.00 m	П+1		928.37m2	1856.74m2	3.69%	0.07	
	3.12.A.3	Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Согласно одобрен АУП)	-	3.00 m	П		12.00m2	12.00m2	0.05%	0.0005	
	3.12.A.4	Г2-ЛЕСНА ПРЕРАБОТУВАЧКА И ПОМАЛКУ ЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА (Новопланирана состојба)	-	8.00 m	П		890.56m2	890.56m2	3.54%	0.04	
	/	Е1.6 - Септичка јама	-	/	/		25.00m2	/	0.10%	0.001	
	/	Е1.5 - Бунар	-	/	/		4.91m2	/	0.02%	0.0002	
Д1-ПАРКОВСКО И ПЕЈСАЖНО ЗЕЛЕНИЛО = 4695.82m2						0m2	–	–	–	–	
Е1-СООБРАЌАЈНИ И ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ - Внатрешни патеки и улици = 10572.50m2						0m2	–	–	–	–	
ВКУПНО:						**25143.47m2**	**9875.15m2**	**26802.23m2**	**39.28%**	**1.07**	**35**

Површина на проектен опфат.....П=25143.47м2,
Градежна парцела: ГП_3.12.А на КП.Бр.184/7 и 184/8, К.О. Ќојлија, Општина Петровец
Класа на намена: **Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија (со компатабилни намени)**

Површина на градежна парцела .....П=25143.47м2,
Површина за градба за објект 3.12.А.1 .....П=8014.31м2,
Површина за градба за објект 3.12.А.2.....П=928.37м2,
Површина за градба за објект 3.12.А.3.....П=12м2,
Површина за градба за објект 3.12.А.4.....П=890.56м2,
Површина за градба за објект- Септичка јама .....П=25м2,
Површина за градба за објект-Бунар .....П=4.91м2,
Вкупно изградена површина .....П=9875.15м2,

Мах. висина до венец во метри за објект 3.12.А.1.....Н=12.00м,
Мах. висина во катови за објект 3.12.А.1.....П+2.
Мах. висина до венец во метри за објект 3.12.А.2.....Н=8.00м,
Мах. висина во катови за објект 3.12.А.2.....П+1.
Мах. висина до венец во метри за објект 3.12.А.3.....Н=3.00м,
Мах. висина во катови за објект 3.12.А.3.....П.
Мах. висина до венец во метри за објект 3.12.А.4.....Н=8.00м,
Мах. висина во катови за објект 3.12.А.4.....П.

Процент на изграденост за објект 3.12.А.1.....31.87%,
Процент на изграденост за објект 3.12.А.2.....3.69%,
Процент на изграденост за објект 3.12.А.3.....0.05%,
Процент на изграденост за објект 3.12.А.4.....3.54%,
Процент на изграденост за објект- Септичка јама.....0.10%,
Процент на изграденост за објек- Бунар.....0.02%,

Коефициент на искористеност за објект 3.12.А.1.....0.96,
Коефициент на искористеност за објект 3.12.А.2.....0.07,
Коефициент на искористеност за објект 3.12.А.3.....0.0005,
Коефициент на искористеност за објект 3.12.А.4.....0.04,

Коефициент на искористеност за објект- Септичка јама.....0.001,
Коефициент на искористеност за објект- Бунар.....0.0002,

Кота на нулта точка .....од 0.00м - 1,20м
Компатабилни класи на намена..... -Г4, Б1 и Е3
Процентуална застапеност на компатабилни намени .....мах 30%
Процент на озеленетост изнесува(на ниво на опфат).....18.68%.

Колскиот пристап до градежната парцела е обезбеден од пристапен постоен локален пат на северната страна, од новопроектирана индустриска улица бр.6.

Паркирањето се планира во рамките на градежната парцела ГП_3.12.А, и истото во целост е планирано во партерниот дел на градежната парцела (35паркинг места), со влез и излез на пристапната улица.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА НУМЕРИЧКИ ВРЕДНОСТИ		**ПОСТОЈНА СОСТОЈБА**		**ПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА**	
1	Плански опфат	25143.47m2	100.00%	25143.47m2	100.00%
2	3.12.А.1 - Г2- Лесна прераб. и помалку заг. инд. (Изведена)	8014.31m2	31.87%	8014.31m2	31.87%
3	3.12.А.2 - Г2- Лесна прераб. и помалку заг. инд. (Согласно АУП)	-	-	928.37m2	3.69%
4	3.12.А.3 - Г2- Лесна прераб. и помалку заг. инд. (Согласно АУП)	-	-	12.00m2	0.05%
5	3.12.А.4 - Г2- Лесна прераб. и помалку заг. инд. (Новопланирана с.)	-	-	890.56m2	3.54%
6	Е1.6 - Септичка јама	25.00m2	0.10%	25.00m2	0.10%
7	Е1.5 - Бунар	4.91m2	0.02%	4.91m2	0.02%
8	Д1-ПАРКОВСКО И ПЕЈСАЖНО ЗЕЛЕНИЛО	-	-	4695.82m2	18.68%
9	Е1-СООБРАЌАЈНИ И ПАТНИ ИНФРА.- Внатрешни улици	-	-	3534.87m2	14.06%
10	Е1-СООБРАЌАЈНИ И ПАТНИ ИНФРА.- Пешачки патеки	-	-	7037.62m2	27.99%
12	Површина за градење	8044.22m2		9875.15m2	
13	Површина за градење по етажи	24072.84m2		26802.23m2	
14	Процент на изграденост на ниво на плански опфат	**31.99%**		**39.28%**	

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

6.1 Мерки за Заштита на животна средина

Заштитата на животната средина како темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) е регулирана со Законот за животна средина (Сл.в. на Р.М. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

Основна цел на Законот за животна средина е зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина; заштита на животот и на здравјето на луѓето; заштита на биолошката разновидност; рационално и одржливо користење на природните богатства и спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и глобалните проблеми на животната средина. За заштита и унапредување на квалитетот и состојбата на медиумите и областите на животната средина, покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделните медиуми и области:

- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11,59/12, 163/13, 10/15 и 146/15);
- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13,180/14, 146/15 и 52/16);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на РМ 79/07, 124/10, 47/11,163/13 и 146/15);
- Закон за управување со отпадот (пречистен текст Сл. Весник на РМ 39/16 и 63/16);
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11,59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18) и други законски и подзаконски акти.

Заштитата и унапредувањето на животната средина се остварува со воспоставување на систем на планирање на заштитата кој ќе овозможи навремено спречување на потенцијалните ризици и опасности, санирање на оштетените сегменти и зачувување на чистата животна средина преку континуирано предвидување, следење, спречување,ограничување и отстранување на негативните влијанија врз медиумите и областите на животната средина.

6.2 Заштита и спасување

Мерките за заштита и спасување се остваруваа преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во опласта за кои се основани. Врз основа на Закон за заштита и спасување („Сл. весник на РМ.“ бр. 36/04, 49/04, 86/08,124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), иницијатива за изработка на **Урбанистички проект за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГПЗ.12А -Блок 3 од УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона, К.О.Ќојлија, Општина Петровец**е покрената по барање на Инвеститорот **Брути Инг.**

Се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Северна Македонија.

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности од природни непогоди, и други несреќи;
- преземање на мерки за превенција за ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош преку единствениот систем за известување;
- обука, тренинг и вежби за оспособување за заштита, спасување и помош;
- организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;

• самозаштита, самопомош и заемна помош;
• мобилизација и активирање на силите и средствата за заштита и спасување;
• одредување и спроведување на заштитните мерки;
• спасување и помош;
• отстранување на последиците од природни непогоди, и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
• надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
• давање помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди и други несреќи;
• давање помош на други држави кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа;
• примање помош од други држави;
• идентификација и процена на опасностите;
• водење на база на податоци на сите извори на ризици и опасности од природни непогоди и други несреќи и
• изработка на процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и планови за заштита и спасување и ажурирање на истите.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:
-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи -заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
-заштита и спасување од урнатини
-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:
-евакуација со згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и асанација на теренот.

6.3 Заштита и спасување од техничко-технолошки катастофи

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на појава на пожар или експлозија, и заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите или последици од пожар и експлозии. Заради неопходна навремена и ефикасна превентивна припрема и подготвеност за спроведување на мерките за заштита и спасување во проектната документација потребно е да се изработи проект за одржување на објектот, елаборат за геомеханички испитувања и слично, како предуслов за спречување на настанувањето или за ублажување на последиците од природните непогоди или други несреќи кои можат да настанат при работа на опремата во објектот.

6.4 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението во подрачјето со кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Локацијата на машинската зграда се наоѓа надвор од населено место што претставува олеснителна околност при потребата за спроведување на мерките за евакуација.

6.5 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

6.6 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен,воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примената на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии и опасни материи.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18). Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштиита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати според пропишани стандарди. Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04,49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 70 и Правилник замерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи(Сл.весник на Р.М. 231/20).

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција/пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Во објекти и простори во коишто се произведуваат, преработуваат, користат и складираат опасни материи, ако природата на работата не еповрзана со таква потреба, се забранува :

- употреба на отворен оган, светилки со пламен и средства за палење;
- користење на грејни уреди со отворен оган, вжарена и прекумерна загреана површина;
- складирање на материи со опасност од самозапалување;
- користење уреди и инсталации кои можат да предизвикаат пожари и експлозии;
- движење и престој на неповикани лица и употреба на алат кој создава искри.

За мерките за забрана од ставот 1 на овој член, сопственикот, односно корисникот е должен да истакне знаци за забрана и предупредување на видно место на објектот и на просторот.

Запаливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6 метри од објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници и други комуникации.

Отпадните и други запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

За правилно изведување на инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член, се одговорни инвеститорите и изведувачите.

Инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член, мораат редовно да се одржуваат во исправна состојба согласно со техничките прописи и правилата на техничката практика.Сопственикот, односно корисникот на објектот е должен да се грижи за одржување на инсталациите, уредите и постројките од ставот 1 на овој член.

Сопствениците односно, корисниците на деловни и индустриски објекти кои не изработуваат планови за заштита и спасување, се должни да имаат „Пожарен куќен ред“, поставен на видно место во објектот.

Пожарниот куќен ред од ставот 1 на овој член, содржи:

- мерки за заштита од пожари соодветна на животните и работните услови во објектот;
- организација на заштита од пожари и
- упаство за постапка во случај на пожар.

Сообраќајниот систем во локалитетот треба да овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот да се планира непречено движење на пожарните возила. Сообраќајниците да се така планирани да овозможуваат непречен пристап на пожарните возила до објектите и да се со доволна широчина (3,5м за еднонасочен сообраќај, односно шест метри за двонасочен сообраќај), за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со височина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот, а колозовната конструкција на пристапот да се димензионира на осовински притисок од најмалку осум тони.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. отвори, минималната димензија на светлиот отвор на проодот се: 3,5м широчина и 4,5м височина.

Ако пристапниот пат поминува низ пропусти, надвозници и др. Отвори кои се наоѓаат во кривина, минималната димензија на светлиот отвор на проодот се: 4м широчина и 4,5м височина.

При проектирањето на новопланирани објекти, во документацијата да биде решена и громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на новопланираните објекти.

Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник f 80 мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од f 80 мм да се постават противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку f 80 мм.

Растојанието меѓу надворешните хидранти се определува во зависност од намената, од големината и од слични карактеристики на објектот, со тоа што пожарот на секој објект ќе може да се гасне со најмалку два надворешни хидранта. Дозволеното растојание меѓу два хидранта изнесува најмногу 80м. Во населени места во кои се наоѓаат претежно стамбени објекти, растојанието меѓу надворешните хидранти изнесува најмногу 150м.

Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5м, а најмногу 80м.

Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

6.7 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04,49/04, 86/08, 124/10,18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивнисредства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

6.8 Заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградба на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини и нивниот однос спрема слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците.

При планирањето е водено сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптмално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Р.Македонија, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Просторот на предметниот проектен опфат се наоѓа во зона на граница од 8 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти. Новите објекти да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

6.9 Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено согласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згриживањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом или средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење. На просторот од парцелата постои можност од згрижување на загрозеното и настраданото население со оглед на нејзината намена.

6.10 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа превземање на хигиено-епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување. За укажување прва помош се користат стандардни и прирачни средства. Подготвеност за укажување прва помош претставува и поседувањето на одржувана и добро чувана кутија со стандардни средства за прва помош. Кутијата треба да биде во правоаголна форма. Најдобро е да биде изработена од материјал кој е отпорен на бензин и дизелско гориво, а бојата, натписот и ознаката треба да се отпорни на механичко отстранување. Кутијата за прва помош треба повремено да се проверува, во случај на поминат рок средствата треба да се заменат.

6.11 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејства на природните непогоди, екплозии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

6.12 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифототии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведувањето на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

6.13 Заштита на амбиентален воздух

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот согласно Закон за квалитет на

амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија, 6рој 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15)

6.14 Заштита на водата

Секое дејствие или активност со кое се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непревземање на дејствие, со кое се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането согласно Законот за водите.

Во планскиот опфат одведувањето на фекалните отпадни води од објектите е решен со сепарациона канализациона мрежа. Одведувањето на атмосферските води од објектите и внатрешните улици е преку планирана мрежа.

Неопходно е соодветно пречистување на отпадните води (механичко, биолошко), пред испуштање во реципиентните води до ниво коешто ги задоволува целите за квалитет, како и контрола на квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Службен весник на РМ, бр.18/99).

До изградба на канализационата мрежа одведувањето на отпадните води е решено со Базен за фекална вода кој има задача да ја прифати фекалната отпадна вода во траење додека се наполни а потоа со специјално возило се исцрпи од него и се однесе во најблиска фекална канализација или пречистителна станица.

6.15 Заштита на почвата

При проектирање и изградба на содржините во склоп на урбанистичкиот проект за инфраструктура да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води. Изградбата на новите содржини вклучува одстранување на постојните вегетациски видови и нарушување на живеалиштата на постојната фауна, како и раскопување и одстранување на поголема количина на почва.

При реализација на активностите на терен да се избегне непотребно губење, модификација и фрагментација на природните живеалишта и прекумерно искористување на биолошките ресурси, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на постојните екосистеми.

Употребата на тешка механизација во фазата на градба ќе предизвика зголемување на механичкиот притисок врз почвата, односно набивање и компактирање на површинскиот слој.

Компакцијата на почвата ја намалува можноста за апсорпција на атмосферските талози, ја отежнува размената на гасови, биолошката активност на почвата како и растот на корењата кај растенијата. Механичкиот притисок врз почвата, дополнително ја намалува нејзината стабилност и го зголемува ризикот од ерозија. Доколку се применуваат мерки за намалување на компакција на почвата и изградбата на предвидените објекти заврши во период од две години од отпочнувањето на реализацијата на планот, влијанието може да се смета за краткотрајно.

6.16 Управување со отпад

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани поголема количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Согласно Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ 39/16 и 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат созда

вањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во депонија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија.

Предвидено е организирано собирање и одложување на отпадот во постојната депонија. Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Во текот на производството создадениот отпад е селектиран во одделни контајнери (боксови) за отпад од јајца, отпад од погон,отпад од пластика и секундарен отпад и истиот се отстранува согласно законската регулатива со специјални возила од страна на правни лица регистрирани за работа со отпад .

6.17 Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето

Заштита и спасување од лизгање и свлекување на земјиштето е мерка која треба да се предвиди и пропише согласно законската регулатива. При изработката на Основниот проект, ако истиот преставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршените геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

6.18 Мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќаат мерки и средсства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје,превземање на мерки за заштита и одстранување на последиците од нив.

6.19 Мерки за спречување на бариери за лица со инвалитет

Условите за движење на инвалидизирани лица се пропишани во точка 13, од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10). Според овој Правилник составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на инвалидизирани лица во рамките на планскиот опфат.

- Површините за движење на пешаците (тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки), секаде каде дозволуваат условите мора да се со континуирана нивелета, без скалести денивелации, со подолжен наклон од најмногу 8,33 %;
- Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина: за наклон 8,33 % (1:12) мак. должина на рампата е 9,0 м, за наклон 6,66 % (1:15) мак. должина на рампата е 12.0 м. за наклон 5.0 % (1:20) мак. должина на рампата е 15.0 м, а за неопходни поголеми должини на рампата, задолжително се планира одморалиште, со најмала должина е 1.50 м, а оптимална должина е 1.80 м.
- При планирање на елементи на уличната мрежа, задолжително се предвидуваат рампи за секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот:
- Минималната ширина на рампата е 1.00 м, а оптималната ширина е 1.80 м; најголем наклон на рампата е 20% (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% (1:12). Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува

архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

За намената не се предвидуваат посебни услови за лица со инвалидитет.

6.20 Заштита на природното и културното наследство

Од областа на заштита на природата (природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност на **Урбанистички проект за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-Лесна, преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГПЗ.12А -Блок 3 од УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона, К.О.Ќојлија, Општина Петровец**е покрената по барање на Инвеститорот **Брути Инг**, треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата. Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции.

За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

• Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;

• Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;

• Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;

• Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;

• Рационална изградба на инфраструктурата;

• Концентрација и ограничување на изградбата;

• Правилен избор на соодветна локација.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14,44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

При примена на планските решенија на урбанистички проект за се што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на Р.М. бр.117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на Р.М. бр.76/06) и Уредба за спроведувањето на мерката заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи (Службен весник на Република Македонија, број 100/10)

6.21 Други мерки согласно мислења од надлежни субјекти со јавни овластувања од член 47 од закон за урбанистичко планирање

• Агенција за цивилно воздухопловство со број 12-8/580 од 21.12.2021 г -објектот се наоѓа во зона на меѓународен Аеродром Скопје за кој се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста воздушниот сообраќај кои треба да се почитуваат.

• Агенција за електронски комуникации со број 1404-3293/2 од 30.12.2021 г - нема изградени електронски комуникации и мрежни системи.

• Јавно претпријатие за државни патишта бр.10-12978/2 од 30.12.2021г. опфатот не се граничи со државен пат во надлежност на Јавно претпријатие за државни патишта.

• АД МЕПСО Скопје Известување бр.11-7384/1 од 23.12.2021г. не се пресекува со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

• Општина Петровец - Известување бр.09-2963/2 од 24.12.2021г – известување дека во опфатот нема бесправни градби, ниту предвидени јавни засолништа.

• ЕВН ад Скопје со број 10-55/2-526 од 28.12.2021г. – во границите на планскиот опфат има инсталации (трафостаница и подземна мрежа) кои се аплицирани на графичкиот прилог.

• Македонски телеком АД Скопје Известување со број 40019 од 30.12.2021 г – нема изградени нивни јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

• Национални Енергетски Ресурси со број 03-3787/2 од 27.12.2021 г – нема изградени н не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

• Водовод и канализација- Скопје со број 1302-4599/1 од 21.12.2021 г –нема податоци и информации со кои располагаат, а се однесува на поестоечката и/или планирана инфраструктурна мрежа за опфатот.

• Дирекција за заштита и спасување-Гази Баба со број 09-402/2 од 26.12.2021 г – дава податоци за мерки за заштита и спасување кои треба да се аплицираат и почитуваат.

• А1 со Известување од 22.12.2021 г – дава податоци за нивни постојни подземни и надземни инсталации кои се аплицирани на графичките прилози.

• Гама Скопје со број 0308-213/2 од 27.12.2021 г – нема изведен и проектиран гасовод.

ПОДАТОЦИ, МИСЛЕЊА И СОГЛАСНОСТИ ОД ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ И ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

бр. 12-8/580
Скопје, 21.12.2021 година

До: **НИМАЕР ДООЕЛ Струга**

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 03-457/21 од 22.12.2021 година
(e-urbanizam, постапка бр. 40019)

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација/**за изработка на**

Урбанистички проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20), за изградба на објекти со основна класа на намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП.3.12 А БЛОК 3 од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија општина Петровец.

при што утврдија дека планскиот опфат / објектот се наоѓа **во зоната** на Меѓународен аеродром Скопје, во т.н. хоризонтална рамнина, со елевација од 283мнв, односно на 1188м источно од референтната точка на аеродромот, каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запазат следните одредби:

1. Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не ја надминува елевацијата од 283мнв.
2. Во зафатот да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои во иднина ќе емитираат радио, ласерски сигнали, односно светлосни снопови, оџаци кои ќе испуштаат дим, чад и пареа, како и содржини кои може да предизвикуваат зголемено присуство на птици.
3. Издвоени антенски столбови или столбови поставени на објект со височина поголема од 15м.
4. Оџаци со височина поголема од 30м.

Заради потребата од следење и контрола на просторот од аспект на одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, потребно е со планот да се задолжи инвеститорот до Агенцијата за цивилно воздухопловство да достави соодветна проектна документација (Архитектонско урбанистички проект или Основен проект) со **барање за издавање на согласност или издавање на соодветни услови за градба од аспект на безбедноста на**

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115– 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

воздушниот сообраќај доколку објектите или планскиот опфат имаат содржини спротивни на претходно наведените, а согласно член 68 од Законот за воздухопловство *("Службен весник на РМ" бр. 48/2020 – пречистен текст)*

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Dushan Popchevaliev

Digitally signed by Dushan Popchevaliev
Date: 2021.12.21 13:39:19 +01'00'

Душан Попчевалиев
(по овластување од Директорот бр.02-46/1 од 13.01.2021 година)

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 2 3114 – 046 ф.: + 389 2 3115 – 708 ЕМБС: 6648649
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

Наш број: 1404-3293/2
Скопје: 30.12.2021г.

ДО:
Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга
Струга

Предмет: Одговор на барање за податоци за ТК мрежи
Врска: Ваше барање преку е-урбанизам

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на Урбанистички проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20), за изградба на објекти со основна класа на намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП.3.12 А БЛОК 3 од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија општина Петровец ве известуваме дека на посочената локација Агенцијата за електронски комуникации нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Сектор за телекомуникации
Изработил:
Хаки Селими 27-12-2021г

Раководител на Сектор,
д-р Борис Арсов

Советник на Директорот,
Игор Бојациев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03

www.aek.mk

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

До:
НИМАЕР ДООЕЛ Струга

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје
во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarive energjetike
RESURSET ENERGJETIKE NACIONALE Shkup
në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 03-3787/2
27. 12. 2021 год.viti
Скопје-Shkup

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање на податоци и информации со ваш бр.03-457/21 од 22.12.2021 година

Согласно вашето Барање на податоци и информации, потребни за изработка на Урбанистички проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20), за изградба на објекти со основна класа на намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП.3.12 А БЛОК 3 од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија општина Петровец., со ваш бр.03-457/21 од 22.12.2021 година,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

НЕР АД Скопје дава позитивно мислење.

Со почит,

Изработил:1268
Иво Шурбановски

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/2-526 од 28.12.2021
Скопје

Одговорно лице: Ѓорги Полинцев

Контакт телефон: 072 931 729

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 03-457/21 од 22.12.2021 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на Урбанистички проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20), за изградба на објекти со основна класа на намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП.3.12 А БЛОК 3 од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија општина Петровец, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☒ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☐ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

GjORGI POLINCEV
Digitally signed by GjORGI POLINCEV
Date: 2021.12.28 09:23:15 +01'00'


Датум: 24.12.2021
Легенда
Постоечка мрежа
Новопланирана мрежа
Демонтирана мрежа
0
0,0275
0,055
0,11 Kilometers
1:1.128

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Бр. 09-2963/2
Од 24.12.2021 год.
Општина Петровец

До
Друштво за градежништво, трговија и услуги
НИМАЕР ДООЕЛ Струга

Предмет : **Известување**

Почитувани,

Во врска со Ваше барање на претходни податоци и информации за потребите за изработка на Урбанистички проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20), за изградба на објекти со основна класа на намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП.3.12 А БЛОК 3 од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија општина Петровец, Ве известуваме дека немаме евидентирано објекти со правен статус стекнат по основ на Закон за постапување со бесправно изградени објекти во планскиот опфат и немаме предвидено јавни засолништа .

Воедно Ве известуваме дека задолжително треба да постапувате согласно одредбите од Извод од урбанистички план за предметните градежни парцели.

Со почит,

Изработил :
Лилјана Величковиќ, диа

Liljana Velichkovikj
Digitally signed by Liljana Velichkovikj
Date: 2021.12.24 13:03:14 +01'00'

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница СЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница СПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

НИМАЕР

ул. Лондонска бр.19 ТЦ Олимпико

Скопје

Бр.11-7384/1

23.12.2021

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр. 03-457/21 од 22.12.2021 година (наш број 11-7384 од 22.12.2021 година) за податоци и информации потребни за изработка и донесување на Урбанистички проект за изградба на објекти со основна класа на намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП 3.12, Блок 3 од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија во Општина Петровец. Ве известуваме дека предметниот планскиот опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Весна Чингоска

Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, ELI POPOVSKA
Date: 2021.12.24 08:08:03 +01'00'

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 10-12978/2

Скопје/Shkup 30-12-2021 година/viti

ДО ДООЕЛ„НИМАЕР“ д.е. Скопје
ул. Лондонска бр.19 , ТЦ„Олимпико“ лок.34
1000 Скопје

Предмет:Податоци и информаци

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 03-457/21 од 22.12.2021год. за добивање податоци и информации за постоечки и планирани објекти и инсталации потребни за изработка на Урбанистички проект за изградба на објект со основна класа на намена Г2-Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија наГП.3.12 А БЛОК 3 од УПВНМ Ќојлија од мунтифункционална зона, КО Ќојлија, општина Петровец, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-12978/1 од 27.12.2021 година:

- Ажурирана геодетска подлога со нанесена граница на планскиот опфат.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Зоран Велков
Одобрил: d-r Ejup Latifi

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
гг. "Dame Gruev" nr.14
Republika e Maqedonisë së Veriut

Тел/Tel:02 3118-044,
Факс/Fax 02 3220-535; 02/3116-385
e-mail: contact@roads.org.mk
Web: www.roads.org.mk

1

СПОДЕЛИ ДОЖИВУВАЊА

Македонски Телеком АД - Скопје
Кеј 13 Ноември бр.6, 1000 Скопје

Бр: 40019
Дата: 30.12.2021

До
НИМАЕР Струга – Д.Е. Скопје
Ул. Лондонска бр. 19, Т.Ц. Олимпико, локал 34, 1000 Скопје

Ваше упатување: Барање на податоци и информации
Наше контакт лице: Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева
Телефон: +389 70 200 736; +389 70 200 571
Во врска со: Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на Урбанистички проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20), за изградба на објекти со основна класа на намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП.3.12 А БЛОК 3 од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија, општина Петровец, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

NIKOLChE TASEVSKI Digitally signed by NIKOLChE TASEVSKI Date: 2021.12.30 15:02:33 +01'00'

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса: „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Македонија
Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Контакт центар +389 2 122
E-Mail: kontakt@telekom.mk | Internet: www.telekom.mk
ЕМБС 5168660
ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ГА-МА бр. 0308-2132 27-01-2022 год. СКОПЈЕ

НИМАЕР - Струга

Предмет: Податоци и нформации

Врска: Ваш допис бр. 03-457/21 од 22.12.2021 год.

Во врска со Вашето барање податоци и информации за изработка на Урбанистички проект за изградба на објекти со основна класа на намена Г2- Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП. 3.12 А БЛОК 3 од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија, Општина Петровец, Ве известуваме дека на предвидениот плански опфат нема изведен и проектиран гасовод.

Со почит,

Скопје, 27.01.2022 год.

ГА-МА АД Скопје

Одделение за Е-одобрение за градба

и Е-урбанизам

Раководител:

Галабинка Христовска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ГА-МА СКОПЈЕ


ГА-МА АД Скопје

Одделение за геодетски работи

и согласности

Раководител:

Сашко Петрески



ЈП Водовод и канализација - Скопје
NP Ujësjellësi dhe kanalizimi - Shkup

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број number 1302-4599/2
Дата data 23 DEC 2021
СКОПЈЕ - SHKUP

ВИК-716-101.01

До: "НИМАЕР" –ДООЕЛ. Скопје
Ул. "Лондонска " бр.19, ТЦ.Олимпико

Предмет: 1302-4599/1 од 21.12.2021
Дата: 22.12.2021

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање со бр. 03-457/21 од 22.12.2021 креирано на страната на е-урбанизам на 21.12.2021год. и заведено кај нас под бр.1302-4599/1 од 21.12.2021год. со кое не известувате дека за потребите на изработка на

Урбанистички проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20), за изградба на објекти со основна класа на намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП.3.12 А БЛОК 3 од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија општина Петровец.

ни доставувате ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат и барате достава на податоци и информации со кои располагаме а кои се однесуваат на постоечка и/или планирана инфраструктурна мрежа,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет, за кој ќе изработувате УП и согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) **преку страната на системот е-урбанистчики планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења, Ви ги доставуваме бараните податоци**

- ситуација во М 1: 25 000 во pdf формат со прикажани наши постоечки инсталации- од која може да се види дека на предметниот локалитет **не постои наша хидротехничка инфраструктура**, затоа што истиот не спаѓа во рамките

Ул. Лазар Личеноски бр.9, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 300; Контакт центар 02 3073 010;
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Се грижиме за животната средина и користиме рециклирана картија.
СЕКОГАШ НАЈДОБРОТО за Скопје

ЈП Водовод и канализација - Скопје
NP Ujësjellësi dhe kanalizimi - Shkup

ВИК-716-101.01

на ГУП на Град Скопје односно се наоѓа надвор од решенијата за водоснабдување и одведување на отпадни води кои се дел од градскиот систем.

Што се однесува до прикажување на постоечка и предвидена хидротехничка инфраструктура , ЈП „Водовод и канализација" Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на евентуална постоечка планска документација во кој припаѓа и овој предметен локалитет, за што треба да се побараат податоци од О.Петровец односно од нивното Јавно Комунално Претпријатие.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител
дипл.град.инж. Ениса Реџепагиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:
дипл.инж.арх. Маја Икономова

дипл.град.инж.Нина Шалева

Проверил:
М-р Хариклија Порчу, дипл.геод.инж.

Одобрил:
дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ

Ул. Лазар Личеноски бр.9, 1000 Скопје
Тел: 02 3240 300; Контакт центар 02 3073 010;
kontakt@vodovod-skopje.com.mk
www.vodovod-skopje.com.mk

Се грижиме за животната средина и користиме рециклирана картија.
СЕКОГАШ НАЈДОБРОТО за Скопје

Влада на Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ГАЗИ БАБА

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
DREJTORIA PËR MBROJTJE DHE SHPËTIM
NJËSIA RAJONALE GAZI BABË

26 Декември 2021

Архивски број:
Бр: 09-402/2

До: дооел " НИМАЕР "- д.е. СКОПЈЕ

Предмет: Податоци и информации, доставува,-

Врска: Ваш акт бр. 40019 од 21.12.2021 година.
Наш акт бр. 09-402/1 од 24.12.2021 година.

Согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање а врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16), Подрачното одделение за заштита и спасување –Гази Баба при Дирекција за заштита и спасување, информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка **на Урбанистички проект за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна праработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП.3.12 А БЛОК 3од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија Опѓтина Петровец.**

Воедно Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување кои согласно Законот за заштита и спасување - пречистен текст (Сл. весник на РСМ, бр. 93/12), Проценатa на загрозеност на опфатот за кој се однесува деталниот урбанистички план, Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во технички преглед (Сл. весник на РСМ, бр. 105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка **на Урбанистички проект за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна праработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП.3.12 А БЛОК 3од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија Опѓтина Петровец.**

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ГАЗИБАБА
Drejtoria përmbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale GAZI BABË

ул. „Архимедова" бр.2
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Arhimedova" nr.2 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3 165 708
Моб. 076 475 441
gazibaba@dzs.gov.mk

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ**

При изработка на планската документација треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Да се да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари односно ширината на пристапниот пат за ПП возила не сме да биде помала од 5,5 метри согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2020). Исто така потребно е да се предвидуваат надворешни противпожарни хидранти што одговара на прописите за надворешните противпожарни хидранти во населени места и да се овозможи непрчен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот. Растојанието на хидрантите од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5метри, а најмногу 80метри.

Потребно е да се реши **меѓусебно растојание на градбите при проектирањето и изведувањето** односно потребното меѓусебно растојание на градбите треба да изнесува 1/3 од вкупната височина на двете градби сметано од котата на терен до котата на венец, но да не е помало од осум метри согласно член 24 од Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2011);

2. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ**

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. **ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ**

При изработка на Планска Документација да ќе предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РСМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

2 Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ГАЗИБАБА
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale GAZI BABË

ул. „Архимедова" бр.2
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Arhimedova" nr.2 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3 165 708
Моб. 076 475 441
gazibaba@dzs.gov.mk

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА ОД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи

6. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Да се реши засолнувањето согласно критериумите од член 62 и 64 од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСМ бр. 93/12).

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува планската документација, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСМ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерките за заштита од пожари ,експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2011), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Предвидените мерки потребно е да се елаборират во текстуалниот дел и да се приложаат во графичкиот дел , не само да се препишаат од издадените Услови за заштита и спасување.

Откако ќе ги вградите условите за заштита и спасување потребно е да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување –Подрачноодделение за заштита и спасување –Гази Баба, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување преку информацискиот систем Е-Урбанизам .

Изработил: **Besa Bekteshi Bajrami**

Besa Bekteshi Bajrami
Digitally signed by Besa Bekteshi Bajrami
Date: 2021.12.27 00:35:50 +01'00'

РАКОВОДИТЕЛ
Besa Bekteshi Bajrami

Besa Bekteshi Bajrami
Digitally signed by Besa Bekteshi Bajrami
Date: 2021.12.27 00:35:59 +01'00'

Доставено до :
-насловот
-архива

3 Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ГАЗИБАБА
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonaleGAZI BABË

ул. „Архимедова" бр.2
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Arhimedova" nr.2 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3 165 708
Моб. 076 475 441
gazibaba@dzs.gov.mk

До: Друштво за градежништво, трговија и услуги
НИМАЕР ДООЕЛ Струга

Скопје, _____

Предмет: Податоци и информации од општини/институции

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 40019 креирано на 21.12.2021 година и наслов 'Урбанистички проект согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20), за изградба на објекти со основна класа на намена Г2 - Лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија на ГП.3.12 А БЛОК 3 од УПВНМ Ќојлија од мултифункционална зона, КО Ќојлија општина Петровец' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека за предметното подрачје за опфатот кој е доставен А1 Македонија ДООЕЛ Скопје **имаме** постојни подземни/надземни инсталации.

Во прилог Ви доставуваме податоци за постојни подземни/надземни инсталации во електронска форма во PDF и DWG формат.

Прилог:
- 1 (еден) примерок од постојните подземни/надземни инсталации во електронска форма во PDF и DWG

Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

Лице за контакт:
Влатко Димовски тел. 077/772-582
Андреа Јовановски тел. 077/772-370

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Никола Здравковски
Менаџер за инфраструктура, документација и регулаторно усклaдување

Nikola Zdravkovski

Digitally signed by Nikola Zdravkovski
DN: dc=hr, dc=vipnet, dc=win, ou=oneVip, ou=Users, ou=exVip, cn=Nikola Zdravkovski, email=Nikola.Zdravkovski@A1.mk
Date: 2021.12.22 09:29:07 +01'00'

Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, ЕМБС: 7068310, Тел: +389 2 3100077, Факс: +389 2 3110077, e-mail: info@A1.mk


ПОДЗЕМНА И НАДЗЕМНА
ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА
А1 МАКЕДОНИЈА
4646300
4646200
4646100
4646000
7553100
7553200
7553300
7553400
ЛЕГЕНДА:
Trenches
Opfat_Extent
Opfat_Baranje
* Duct - Подземно
* Aerial - Надземно
* Trench - Ров
* Pipe - Цевка/Туба
* Overhead line - Надземна рута
* Coax cable - Коаксијален кабел
* Optical cable - Оптички кабел
P = 1 : 2000
Дата: 2021-12-21

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

УРБАНИСТИЧКО - ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Број: 09-2757/2 од 30.11.2020 год.

Одделение за урбанизам, просторно планирање, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој

ИЗВОД ОД ПЛАН

УП за вон нас. место Ќојлија:
Урбанистички план за вон населено место Ќојлија за мултифункционална зона – Изменување и дополнување, Општина Петровец, плански период 2010-2020 год.

Одлука бр: 07-1494/3 од 12.11.2012 год.

Намена на градба: Г2 – лесна индустрија со компактибилни класи на намена

Ул.: Новопланирана индустриска ул. 6
К.О. Ќојлија, Г.П. 3.12
ДЛ: / **М 1:1000**

ИЗВОДОТ ЗА Г.П. 3.12, К.О. Ќојлија

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - **Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:**
     - легенда
     - табела со нумерички показатели
   - **По потреба и заверена копија од други графички прилози со легенда**

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.
   - **По потреба и заверена копија од други услови**

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**


Изработил:
Стефани Арсовска

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ
Блаже Арсовски дипл.инж.


ПЛАН	УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО
ИМЕ	ЌОЛИЈА ЗА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА - ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
МЕСТО	ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ПЛАНСКИ ОПФАТ	ЗАПАД,СЕВЕРОЗАПАД-ОСОВИНА НА М1(Е-75), ГРАНИЦА НА УП ЗА АЕРОДРОМ АЛЕКСАНДАР ВЕЛИКИ, ОСОВИНА НА М1(Е-75) СЕВЕРОИСТОК-ГРАНИЦА НА К.О. ПЕТРОВЕЦ, ГРАНИЦА НА РАДАРСКА СТАНИЦА БАЊСКИ РИД, ГРАНИЦА НА К.О. ПЕТРОВЕЦ ЈУГОИСТОК-ГРАНИЦА НА КП280,273/1,267,268,300,307,311,313,314,315,317,318/1,320,321,322,323,ЈА ПРЕСЕКУВА КП1376, ГРАНИЦА НА КП332,344,1271/2,972,973
ПОВРШИНА	196.05 ха
ФАЗА	ПЛАН
ДЕЛ	ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
ПЛАНСКИ ПЕРИОД	2010 - 2020
РАЗМЕР	1 : 3500

Г2	ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА		ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
ГЗ	СЕРВИСИ		РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
Б1	МАЛИ КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ		ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
Б2	ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ		ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
Б3	ГОЛЕМИ УГОСТИТЕЛСКИ ЕДИНИЦИ	1.1,1.2,...	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА
Б5	ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ	(1.)	НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК
В1	ОБРАЗОВАНИЕ		ГРАНИЦА НА БЛОК
В2	ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА		НОВОПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА
Е2	КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА И УСЛУЖЕН ЦЕНТАР	Д2	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
Е2	КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ТРАФОСТАНИЦА	Е1	КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА СООБРАЌАЈНИ КОРИДОРИ
Е2	КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА РЕЗЕРВОАР ЗА РЕТЕНЦИЈА НА АТМОСФЕРСКА ВОДА		

ГОДИШНА ТЕРМИЧКА РУЖА НА ВЕТЕРОТ



ИЗРАБОТУВАЧ	ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ БОРИС КИДРИЧ 12/16, БИТОЛА	УПРАВИТЕЛ: САШКО ИВАНОВ дипл
НАРАЧАТЕЛ	ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ	
ОВЛАСТЕНИ ПЛАНЕРИ	НАТАЛИ ТАШЕВСКА ГУЛЕВСКА дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0094	САШКО ИВАНОВ дипл ОВЛАСТУВАЊЕ 0.0095
РАБОТНИЦИ	МИХАЕЛ ДИМИТРОВСКИ дипл	
ПРИЛОГ:	РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН, ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ, СООБРАЌАЕН ПЛАН	
ТЕХ. БРОЈ	У02-12/10	ДАТУМ 12.2012
		ЛИСТ 1


Hmax=8m
4.8 ГЗ
П+1
Hmax=8m
4.9 ГЗ
П+1
Hmax=8m
4.12
ГЗ
П+1
Hmax=8m
3.14
Б5
П+6
Hmax=25m
Д2
3.13
Г2
П+2
Hmax=12m
3.15
Б2
П+2
Hmax=12m
3.5 Б2
П+2
Hmax=12m
3.12
Г2
П+2
Hmax=12m
3.9
Б2,П+2
Hmax=12m
3.10
Б2,П+2
Hmax=12m
3.11
Б2,П+2
Hmax=12m
3.6 Г2
П+2
Hmax=12m
3.4 Б2
П+2
Hmax=12m
3.7 Г2
П+2
Hmax=12m
3.8 В2
П+2
Hmax=12m
Е2,П
Hmax=3m
ПРИГАДНА
ИНДУСТРИСКА ВУЛ.
ИНДУСТРИСКА ВУЛ.
ИНДУСТРИСКА ВУЛ.
ГД
ГА
РЛ
90/3
220/3
220/4
219
198/2
199/1
144
145/2
141/1
140/1
139/1
184

БЛОК	БРОЈ НА ПАРЦЕЛА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА СОГЛАСНО ТАБЕЛА 2 ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБ.ПЛАН.	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ м1	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА м2	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА НА ПОВЕЌЕ ГРАДБИ ВО УТВРДЕНИОТ ПРОСТОР ЗА ГРАДБА	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА ПО НИВОА	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %
3	3.1	Б5	Б1,Б2,Б3,Б4,Б6,В2,В3,Д3	П+6	25.00	2,635.00	895.00	4,475.00	1.70	33.97%
	3.2	Е2-бензинска пумпна станица и услужен центар		П+3	14.20	4,890.00	3,330.00	13,320.00	2.72	68.10%
	3.3	Б5	Б1,Б2,Б3,Б4,Б6,В2,В3,Д3	П+6	25.00	16,050.00	11,235.00	44,940.00	2.80	70.00%
	3.4	Б2	А2,А3,А4,Б3,Б4,В3,В4	П+2	12.00	8,710.00	6,097.00	18,291.00	2.10	70.00%
	3.5	Б2	А2,А3,А4,Б3,Б4,В3,В4	П+2	12.00	5,438.00	3,806.60	11,419.80	2.10	70.00%
	3.6	Г2	Б1,Б2,Д2,Д4,Г3,Г4	П+2	12.00	11,792.00	8,254.40	24,763.20	2.10	70.00%
	3.7	Г2	Б1,Б2,Д2,Д4,Г3,Г4	П+2	12.00	9,318.00	6,522.60	19,567.80	2.10	70.00%
	3.8	В2	А4,Б1,Д3	П+2	12.00	11,620.00	8,134.00	24,402.00	2.10	70.00%
	3.9	Б2	А2,А3,А4,Б3,Б4,В3,В4	П+2	12.00	1,524.00	715.00	2,145.00	1.41	46.92%
	3.10	Б2	А2,А3,А4,Б3,Б4,В3,В4	П+2	12.00	3,355.00	1,913.00	5,739.00	1.71	57.02%
	3.11	Б2	А2,А3,А4,Б3,Б4,В3,В4	П+2	12.00	7,900.00	5,530.00	16,590.00	2.10	70.00%
	3.12	Г2	Б1,Б2,Д2,Д4,Г3,Г4	П+2	12.00	10,575.00	7,402.50	22,207.50	2.10	70.00%
	3.13	Г2	Б1,Б2,Д2,Д4,Г3,Г4	П+2	12.00	14,525.00	10,167.50	30,502.50	2.10	70.00%
	3.14	Б5	Б1,Б2,Б3,Б4,Б6,В2,В3,Д3	П+6	25.00	5,275.00	3,692.50	18,462.50	3.50	70.00%
	3.15	Б2	А2,А3,А4,Б3,Б4,В3,В4	П+2	12.00	9,975.00	6,982.50	20,947.50	2.10	70.00%
	3.16	Б5	Б1,Б2,Б3,Б4,Б6,В2,В3,Д3	П+6	25.00	7,447.00	5,212.90	20,851.60	2.80	70.00%
	3.17	Е2-трафостаница		П	3.00	200.00	60.00	60.00	0.30	30.00%
	3.18	Е2-трафостаница		П	3.00	52.00	30.00	30.00	0.58	57.69%

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1.Вид на планска документација

Планската документација претставува Урбанистички план вон населено место, и се изработува во согласност со член 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,18/11,53/11) , со содржина од член 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање и во согласност со Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Службен весник на Република Македонија број 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11), како и другата законска регулатива што го допира планирањето.

Планот има важност од 10 години, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање(Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,18/11,53/11) .

Планскиот период за кој се изработува Урбанистичкиот план вон населено место Којлија за мултифункционална зона - измени и дополнувања, блок 3, Општина Петровец е за временски период од 2011-2021.

2.Географска и геодетска местоположба со граница на планскиот опфат

Планскиот опфат е во непосредна близина на аеродромот Александар Велики и лоциран е од источната страна на автопатот А1(Е-75), северно од населено место Којлија, на надморска височина од 220-240м.

Предметниот плански опфат за Урбанистички план вон населено место Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, блок 3, е дефиниран како блок согласно УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, плански период 2010-2020, усвоен во 2011 година, со следните граници :

- осовина на Индустриска ул.6, осовина на Индустриска ул.11, осовина на Индустриска ул.7, и осовина на Сервисна улица 1.

Границата на горенаведениот плански опфат е дадена во графичките прилози, а вкупната површина на планскиот опфат изнесува **14,69 ха.**

3.Текстуални одредби од изводот од план од повисоко ниво кои се однесуваат на подрачјето на планскиот опфат

Урбанистички план вон населено место Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, плански период 2010-2020 е усвоен во 2011 година.Со овој план се дефинирани блокови, така што предметниот планскиот опфат се поклопува со границата на дефинираниот блок 3.

Одредбите од овој план кои задолжително се применуваат при изработката на Урбанистичкиот план вон населено место Којлија за мултифункционална зона - измени и дополнувања, блок 3, Општина Петровец, се следните:

-За дефинираните градежни парцели во планскиот опфат за кои се планира една површина за градење на повеќе објекти, треба да се изработи архитектонско-урбанистички проект, согласно чл. 51, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10).

- Во текот на реализација на овој План, доколку се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. Весник на Р.М. бр.20/04), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

- Просторот припаѓа во заштитна зона 2 и 3 од Агенцијата за цивилно воздухопловство, при што не смеат да се градат објекти кои ќе ја надвисуваат раминината на елевација од 283 м.н.в и останатите назначени елевации, за просторот што припаѓа во заштитна зона 2 и 3, а за просторот што припраѓа во заштитна зона 1 забранета е градба на било какви објекти и структури.

- Санитарната вода ќе се обезбеди од Регионалниот водоснабдителен систем "Јурумлери" спрема условите добиени од овластеното комунално претпријатие
- Водоснабдувањето со техничка вода ќе се врши од подземни води (бунари) .Пред изведбата на бунарите потребно е да се направат хидрогеолошки истражни и пробно експлоатациони работи со кои ќе се утврди издашноста и капацитетот на бунарот (бунарите). Исто така треба да се направат и испитувања со кои ќе се утврди и квалитетот на водата, односно дали физичко-хемиските и бактериолошките карактеристики на водата ќе одговараат за соодветната намена. При лоцирањето на бунарите да се почитува Законот за води за одредување на заштитните зони на бунарите.
- Задолжителен е комплетен третман на отпадните води од сопствениот технолошки процес од комплексот, во секоја градежна парцела
- За добивање на Решение за локациски услови задолжително да се добие мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање во однос на планираниот третман на отпадни води
- Пречистената отпадна вода не смее да биде со понизок квалитет од класата на реципиентот
- Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на отпадните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал, откако ќе биде извршен третман – пречистување во пречистителна станица, поставена во сопствената парцела.

Со овој план предвидено е изменување и дополнување на намените во планскиот опфат, во согласност со сегашните и идни потреби на Општина Петровец, а во најголем аспект од близината на населените места и аеродромот, како и добрата сообраќајна поврзаност со сите патни правци, со што е овозможено да изградбата на мултифункционална зона Ќојлија, Општина Петровец, предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

4. Планска програма

Планската програма за изработка на Урбанистичкиот план вон населено место Којлија за мултифункционална зона - измени и дополнувања, блок 3, Општина Петровец е изработена согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање(Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,18/11,53/11) содржи текстуален и графички дел, и е составен дел од планот, каде е приложена во изворна форма со следните точки:

- Да се изврши измена на дел од планираната намена Б2 големи трговски единици, во намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија
- Заради флексибилност на планот при одредување на намената на земјиштето како планска одредба да се утврди максимален процент на учество на компатибилни класи на намени во рамките на основната класа на намена
- Да се почитува системот на сообраќајници утврден со УПВНМ Којлија за мултифункционална зона - измени и дополнувања
- Да се планира сообраќајна инфраструктура во согласност со законската регулатива и безбедноста во сообраќајот, и да се предвиди паркирање во сопствени парцели
- Да се планира комунална инфраструктура во согласност со законската регулатива и сите водови да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори

5.Опис и образложение на планскиот концепт

ПЛАНСКИ КОНЦЕПТ ЗА ПРОСТОРНИОТ РАЗВОЈ И ХАРМОНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ

Планскиот концепт е поставен врз основа на анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма. Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт. Истиот е условен и од мерките за заштита и спасување.

Целта на планскиот концепт е да се изврши хармонизација на просторните чинители во единствен препознатлив амбиент со дефинирани функции, односно наменски употреби на земјиштето.
Согласно УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, плански период 2010-2020, усвоен во 2011 година предвидени десет блокови со различни намени во согласност со планската програма и Условите за планирање, а предметниот плански опфат го разработува блок 3.

	НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК м2
УПВНМ-ЌОЈЛИЈА ЗА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА	1	148,760.00
	2	514,165.00
	3	146,995.00
	4	90,340.00
	5	144,820.00
	6	73,500.00
	7	143,550.00
	8	174,410.00
	9	209,360.00
	10	141,670.00
ВКУПНО		**1,787,570.00**

6.ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ИЗГРАДБА И НАМЕНСКА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО
Врз основа на Планската програма, планот предвидува наменски употреби на земјиштето, односно класи на намени:

1. Комерцијални и деловни намени - (група на класа на намена **- Б)**

- Б2- големи трговски единици
- Б5 - хотелски комплекси

2. Јавни институции - (група на класа на намена **-В)**

- В2 – здравство

3. Производство, дистрибуција и сервиси - (група на класа на намена **- Г)**

- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија

4. Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори - (група на класа на намена **-Д)**

- Д2 -заштитно зеленило

5. Инфраструктура - (група на класа на намена **- Е)**

- Е2 - комунална супраструктура - трафостаница
- Е2- комунална супраструктура - бензинска пумпна станица и услужен центар

како и современо третирани сообраќајни површини со задоволување на сите норми за сообраќај и паркирање на возила и други превозни средства.

Класите на намени се дадени со кратенки впишани на површините наменети за градба во графичкиот дел и во нумеричките показатели.

Заради флексибилност на планот, во урбанистичките планови при одредување на намената на земјиштето како алтернативи може да се употребуваат две или повеќе меѓусебе компатибилни класи на намени во рамките на наменската зона одредена со план од повисоко ниво.

Под компатибилни класи на намени се подразбираат две или повеќе класи на намени кои можат да егзистираат во иста градежна парцела без притоа меѓусебно да го нарушуваат функционирањето, егзистирањето и вредноста на земјиштето и градбите.

Со планското решение усвоена е предвидената мрежа на сообраќајници со кои ќе се регулира протокот на сообраќајните возила и пристапот до сите планирани градежни парцели.

Задолжително е ограничувањето на висината на градбите заради зоните на ограничена градба во кои се наоѓа планскиот опфат и за кои свое мислење достави Агенцијата за воздухопловство и кои се однесуваат да не се надмине рамнината со елевацијата од 283 нмв и другите назначени елевации.

Со планското решение за парцелите предвидена е една утврдена површина за градење за повеќе градби во согласност со законските прописи, со цел да се овозможи планско решение со кое е предвиден максимален развој на површините за градење во планскиот опфат, и ќе овозможи флексибилен пристап при изработката на архитектонско-урбанистичките проекти и планирањето на новите објекти.

Така, коефициентот на искористеност и процентот на изграденост за планскиот опфат се прикажани како максимални, додека реалните коефициенти и проценти ќе се утврдат во архитектонско-урбанистичките проекти.

Во прилог е прикажана табелата на блок 3 со планираните класи на намена и нивната процентуална застапеност.

БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК м2	КЛАСА НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ м2	ПРОЦЕНТ НА ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ НА КЛАСА НА НАМЕНА ВО БЛОК
3	146,995.00	Б5	31,407.00	21.37%
		Б2	36,902.00	25.10%
		В2	11,620.00	7.91%
		Г2	46,210.00	31.44%
		Д2	3,930.00	2.67%
		Е1	11,784.00	8.02%
		Е2-трафостаница	252.00	0.17%
		Е2-бензинска пумпна ст.	4,890.00	3.33%

7.Плански решенија на комунална инфраструктура

Магистралниот патен правец - автопатот А1(Е-75) граница со Србија-Куманово--Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција кој го дефинира опфатот на целата зона е изграден во согласност со Просторниот план на РМ.

Планираната нова клучка за аеродромот Александар Велики е во фаза на градба.

Релевантна врска за планскиот опфат е поврзувањето преку новата клучка со автопатот А1(Е-75) и локалниот пат за населено место Којлија и Петровец .

Планирано е поврзување со трафостаницата во с.Петровец која е во фаза на обновување и ќе биде со моќност 110/20/10кВ.

Предметниот планиран простор ќе биде поврзан на Регионалниот водоснабдителен систем "Јурумлери". А истовремено ќе се бараат алтернативни решенија со изградба на сопствен систем за водоснабдување во рамките на сопствените градежни парцели или за целокупниот плански опфат, со изведба на експлоатациони бунари.

Задолжителен е третман на отпадните води од секоја градежна парцела со поставување на пречистителна станица во сопствената парцела, а со планираниот колектор за отпадни води пречистените отпадни води од планскиот опфат ќе се испуштаат во реципиентот Сува Река.

Сообраќај

Сообраќајниците кои го дефинираат опфатот се следните:

- Магистрален патен правец - автопатот А1(Е-75) граница со Србија-Куманово- -Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција со попречен профил,
  а. пресек 1-1 (со приклучна и исклучна лента) 38м
  б. пресек 2-2 - 22м
  в. пресек 3-3 (со приклучна лента) 29.5м

- новопланирана сервисна улица 1 со попречен профил 11 м - врска преку новопланирана клучка за аеродром Александар Велики со магистрален патен правец – автопат А1(Е-75) и врска со локален пат за Којлија
- новопланирани индустриски улици 6, 7 и 11 со попречен профил 11 м
- новопланирана пристапна улица 13 со попречен профил 5.5м

Новопланираните улици се дефинирани според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11).
Со планскиот концепт се предвидува градежните парцели во рамки на планскиот опфат да бидат поврзани со сервисни и индустриски улици со широчина од 2 ленти x 3,5м и тротоар од 2x 2м. со минимален радиус на хоризонтална кривина од Р-12.0м.со кој се овозможува пристап на товарни возила до секоја парцела поединечно.

Елементите на уличната мрежа профилот на сообраќајните ленти и тротоарите ја дефинираат широчината на сообраќајниот коридор на индустриските улица (11.0 метри) и истите се во рамките на дозволените стандарди.
Сите сообраќајници со своите радиуси, ширини на коловозот и тротоар, се прикажани во графичкиот прилог за сообраќајно решение.

Паркирање

Паркирањето е предвидено да се решава во сопствените парцели, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11), со почитување на потребен број на паркинг места како услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба.
Во планскиот опфат дефиниран е јавен паркинг за паркирање на посетители со вкупно 34 паркинг места.
Дефинирањето на потребните паркинг простори за секоја урбанистичка парцела ќе се утврди со изработката на проектната документација и Архитектонско урбанистички проекти, и за определувањето на потребниот број на паркинг места според намената на градбите и нивната големина ќе се применува член 59 и член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10,64/11,98/11,169/11).

Нивелациско решение

Со изработка на урбанистичкиот план пристапено е кон изработка на нивелациско решение за планскиот опфат. Предмет на изработка на нивелманското решение е изработка на вертикално решение на сообраќајниците.
Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на локалитетот.
Новопланираните сообраќајници имаат проценти на подолжни падови согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/10,64/11,98/11,169/11).

Основно решение на комунална инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засниваат на постојната и планирана состојба. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, рељефни и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа) .

Електро-енергетика

Од преносната мрежа на 110 кВ, на 2 км. минува водот Скопје 4 – Велес а трафостаницата 35/10 кВ, Петровец е на 1,5 км. од локацијата. Ова трафостаница ќе биде напојна точка на потрошувачите од планскиот опфат, и од аспект дека е во фаза на обновување односно ќе има моќност од 110/20/10кВ.
Во планскиот опфат евидентирана е и трасата на високонапонски далноводи, паралелно со регионалниот патен правец М1, од 10 кВ, која во планирана состојба ќе биде заменета со подземна траса.
За планираното урбанизирање предвидени се следните параметри:

НУМЕРАЦИЈА НА БЛОК	ПОВРШИНА НА БЛОК м2	Pe (KW)	КОЕФИЦИЕНТ НА ЕДНОВРЕМЕНОСТ 0.9 (KW)	ПЛАНИРАНА МОЌНОСТ НА ТРАФОСТАНИЦА (kVA)
3	146,995.00	3000	2700	3X1000

Инсталираната и едновремената електрична моќност како и потрошувачката на електрична енергија за корисниците од предметниот простор ќе се изврши по се според добиената согласност која инвеститорот треба да ја побара од ЕВН Македонија. Барањето треба да содржи точно дефинирани електрични параметри како што се : напонско ниво, максимална инсталирана и едновремена моќност, фактор на моќност, начин на затоплување , начин на ладење и слични податоци кои во оваа фаза на изработка на планот не се дефинирани. Овие податоци ќе можат да бидат дефинирани со изработувањето на архитектонско-урбанистичкиот проект и идејниот проект за градежната парцела посебно. Приклучниот вод до дистрибутивните трафостаници е 10кВ електровод кој ќе биде поставен во инфраструктурен коридор, заедно со останатите инфраструктурни водови.
Начинот на приклучување на технички елементи ќе бидат дефинирани од стручните служби на ЕВН Македонија.

Нисконапонското напојување се планира да се изведе со кабли поставени во ров во земја, заштитени и обележени, до приклучни ормари во објектите.

ПТТ инсталации

За овој плански опфат предвидена е комплетна телефонска инсталација со подземен кабел која ги задоволува потребите за подолг временски рок.

Гасоводна инфраструктура

За планскиот опфат на УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, плански период 2010-2020, усвоен во 2011 година , предвидена е гасоводна инфраструктура до сите блокови и градежни парцели со можности за приклучок. Исто така планирана е градежна парцела за мерна станица во северозападниот дел од опфатот, поточно во блок 5 кој е најблиску до планираната разделна шахта на примарниот гасовод кој во најскоро време

треба да се оствари како врска помеѓу ТИРЗ Бунарџик и ТАВ Аеродром Александар Велики.

Хидротехничка инфраструктура

Планирана водоводна мрежа

Со планскиот концепт за водоснабдување на УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, плански период 2010-2020, усвоен во 2011 година се планира истиот да се реши со поставување на нова примарна водоводна мрежа изведена од цевки со минимален пречник од 150мм поставена во коридорот на новопланирана сервисна ул.1 и 3 и новопланирана индустриска ул.9 и 10, додека по коридорите на останатите новопланирани улици предвидена е примарна водоводна мрежа со пречник 100мм.

Со проектна документација за Регионалниот водоснабдителен систем "Јурумлери" предвидено е да се изведат три цевасти бунари и примарна водоводна мрежа во должина од 25.315 м. Реализацијата на овој систем е во тек и до сега изведен е еден бунар и дел од примарната водоводна мрежа.Планирано е поврзување на овој водоснабдителен систем.

Секундарната водоснабдителна мрежа, нејзината поврзаност со примарната водоснабдителна мрежа и нејзината поставеност во границите на градежните парцели посебно ќе биде дефинирана со изработката на архитектонско урбанистички проект односно идејното решение за истиот.

Со планското решение се планира потребата од техничка вода за поливање на зеленилото и одржување на комуналната хигиена корисниците на просторот да ја решаваат во рамките на сопствената градежна парцела преку бунарски систем на водозафаќање.

блок 1,2,3,4,5	86.3115	h
вода-санитарна		
бр. (N)	3000	
норма (Q)	100	l/sec
коефициент a1	1.6	
коефициент a2	2	
Q=N x qO=	300000	l/sec
	300	м3/ден
qsr/den=	3.472	l/sec
Qmax/den=Q x a1=	480	м3/ден
qmax/den=Qmax/den/86400=	5.556	l/sec
Qmax/cas=Q max/den x a2=	960	м3/ден

qmax/cas=Qmax/cas/86400=	11.111	l/sec
најмал дијаметар	150	ND

вода-техничка
за миење на надворешни површини

површина (F)	29.4424	h
потребна количина	6	
часови на полевање	6	
Q=F x Qo=	176.6544	м3/ден
Q=21.3/16=	29.442	м3/час
	8.178	l/sec

Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на водоводната мрежа ќе бидат дадени во наредните идејни и основни проекти поодделно за секој новопредвиден објект.

За противпожарна заштита на комплексот предвидено е поставување на хидрантска мрежа со надворешни хидранти. Напојувањето на овие хидрантие ке биде преку истиот водоводен систем на кој се поврзува и водата односно систем Јурумлери.

Во случај на пожар се обезбедува количина на вода за истовремена работа на два хидранти со поединечен капацитет од 5л/с, вкупно 10л/с.

Меродавниот притисок (за гаснење на пожар) на приклучниот хидрант се утврдува во согласност со Правилникот за технички нормативи за хидрантска мрежа за гаснење на пожар како величина не помала од 2,5 бари.Останатите услови за изградба на ПП мрежа според правилникот се:

- максимално растојание помеѓу два хидранти 80м
- најмал пречник во прстенестата ПП мрежа ф100мм
- најмал пречник на приклучната цевка на хидрантот е ф80мм.

Планирана канализациона мрежа

Фекална канализација

Со планскиот концепт за одведување на отпадни води на УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, плански период 2010-2020, усвоен во 2011 година се планира истиот да се реши со поставување на нова примарна канализациона мрежа за фекална канализација изведена од цевки со минимален пречник од 300 мм поставена во коридорот на новопланирана сервисна ул.1 и 3 и новопланирана индустриска ул.9 и 10, додека по коридорите на останатите новопланирани улици предвидена е примарна канализациона мрежа за фекална канализација со пречник 250мм.

Количините на технолошката и фекалната отпадна вода, секундарната канализациона мрежа нејзината поврзаност со примарната канализациона мрежа и нејзината поставеност во границите на градежната парцела посебно ќе биде дефинирана со изработката на архитектонско-урбанистички проект и идејно решение на градбите .

Одводнувањето на градежната парцела ќе биде предмет на уредувањето на просторот со архитектонско урбанистички проект односно идеен проект за секоја градба посебно.

За секоја градежна парцела е задолжително да се врши третман на отпадните води од технолошкиот процес.Планирано е како реципиент на пречистената отпадна вода да биде водотекот на Сува река која се слива во р.Вардар, а квалитетот на пречистената вода не смее да биде понизок од класата на реципиентот.

За правилно работење на пречистителните станици потребно е да се изведе одделна канализациона мрежа и тоа:

- Канализациона мрежа од санитарна отпадна вода
- Канализациона мрежа од технолошка отпадна вода
- Атмосферска мрежа од кровови на објекти
- Атмосферска мрежа од улици, паркинзи и манипулативен простор со завршно пречистување во маслофаќач

Канализационата отпадна вода потребно е да се третира со пречистителните станици додека атмосферските води директно се испуштаат во крајниот реципиент.

блок 1,2,3,4,5	86.3115	h
од санитарна вода qotp=qmax/cas x 0.80 x 1.25 дијаметар на цевка од производство	11.111 250	l/sec Ø
вкупна	11.111 250	Ø

Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на фекалната канализациона мрежа ќе бидат дадени во наредните основни проекти поодделно за секој новопредвиден објект, со што ќе се добијат и потребните параметри за димензионирање на мрежата со потребни пресеци и падови.

Атмосферска канализација

Со планскиот концепт за одведување на отпадни води на УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, плански период 2010-2020, усвоен во 2011 година се планира истиот да се реши со поставување на нова примарна канализациона мрежа за атмосферска канализација изведена од

цевки со минимален пречник од 1200 мм поставена во коридорот на новопланирана сервисна ул.1 и 3 и новопланирана индустриска ул.9 и 10, додека по коридорите на останатите новопланирани улици предвидена е примарна канализациона мрежа за фекална канализација со пречник 700-800мм.

блок 1,2,3,4,5 атмосферска вода	86.3115	h
површина под објекти	56.8691	h
површина под улици, паркинзи, манипулативен простор	14.7212	h
тревни површини	14.7212	
од објекти q atm= F x qi x ψsr	4051.92	l/sec
улици q atm= F x qi x ψsr	5928.876	l/sec
тревни q atm= F x qi x ψsr	30389.43	l/sec
	40370.23	l/sec
дијаметар на цевка	1200	Ø

Хидрауличките пресметки за добивање на точните димензии на атмосферската канализациона мрежа ќе бидат дадени во наредните основни проекти пооделно за секој новопредвиден објект, со што ќе се добијат и потребните параметри за димензионирање на мрежата со потребни пресеци и падови.

Одводнување

Во рамките на планот на уредувањето на индустрискиот комплекс треба да се изврши собирање и одведување на отпадните води со разделен систем и тоа канализација (индустриска) и атмосферска.

Индустриски отпадни води се водите кои што се употребуваат во технолошките процеси, па заради тоа се оптеретени со различни видови на загадување или се води кои се употребуваат за разладување на опремата и воглавно предизвикуваат топлинско загадување на реципиентите, па таквата вода пред испуштање во канализационата мрежа треба да се пречисти секоја во сопствениот дел на комплексот. Заради поедноставување под индустриски води ќе се подразбираат и оние води чие потекло е од магацини и непроизводни занаети, значи вода која се користи воглавно во санитарни потреби и ќе биде третирана во истиот систем на пречистување.

Исклучок се водите со кои се врши миење на просторите на кои се извршува преглед, поправка и миење на моторните возила каде има појава на масла и нафтени деривати. Овие води пред испуштање во канализационата мрежа треба да се пречистуваат со маслофаќач и таложник а потоа да се испуштат во неа.

Атмосферските води од кровови преку систем на сливници и цвоводи и после извршено таложење да се одведат до атмосферската мрежа.

Целта на објектите за собирање на атмосферските води е:

- Да се спречи излевањеот и формирањето на водени површини на пешачките површини за одвивање на нормален пешачки сообраќај
- Да се спречи создавање на слој вода на сообраќајните површини за одвивање на сигурен сообраќај
- Да се собери атмосферската вода од градските површини и така да се спречи поплавување на градските објекти и простори.

Објекти за собирање на атмосферските води и нивно одведување од градкиот простор и сообраќајници воглавно се риголи покрај улиците, мали трапезни канали и канали со друг облик кои се поставуваат на пешачките и други површини.

Од каналите и риголите водата се испушта во колекторите преку сливници.

Спојот со колекторите се врши:

- директно (ако атмосферската вода е чиста, без песок и слични суспензии кои можат да предизвикаат таложење во колекторите) или
- посредни преку помали базени (доколку треба да се спречи внесувањето на крупни суспензии па се градат мали ретензиони базени или таложници).

Основни делови на објектите за собирање на површинските води се:

- влезен дел (решетки, водоловни грла-бочен сливник или нивна комбинација)
- тело
- таложник
- пруклучок на канализација

Димензиите на дождовните решетки се 40/40см, а водоловните грла 20/10см.

Таложникот е сместен на дното на објектот 1м под одводната цевка која е со минимален профил 100 мм.

Во услови каде површинските води неможат да се соберат со поединачни објекти, се поставуваат линиски објекти, линиски решетки, линиски собирни канали исл. Овие обејкти се поставуваат вертикално на насоката на течење на водата. Во случај на одводнување на големи површини (паркиралишта, плоштади, аеродроми) се градат линиски собирачи на атмосферска вода во облик на непрекинати водоловни грла, решетки и отвори. Приклучувањето на објектите на канализационите колектори е исто како и на поедините објекти.

Пумпните станици се користат за транспорт на водата од едно место на друго, најчесто од пониска кота на повисока кота на терен.

Сегашните услови за заштита на околината бараат одведување на сите отпадни и загадени води во уреди за пречистување и нивно испуштање во реципиентот откако ќе се изврши точно определен процес на пречистување.

Ретко може сите отпадни води да се одведат по гравитациски пат до уредите за пречистување, па во услови каде тоа не е можно, се користат пумпните станици.

Пумпните станици претежно се користат за одведување на отпадните води (од домаќинство, инсустриски или мешовити), додека кај одведувањето на атмосферските води се избегаваат заради значајните трошоци за изградба и одржување на истите.

Често пати порентабилно е каналите да се постават на помала длабочина со користење на пумпни станици отколку да се врши комплетно гравитационо одведување каде каналите можат да достигнат големи длабочини (преку 6-7м).

Базените за атмосферска вода или ретенциони базени се користат за повеќе намени и спрема тоа имаме три основни типови и тоа:

- Ретенциони базени за атмосферска вода (со прелив по потреба)
- Преливни базени за атмосферски води (каде се прелива вишокот на вода)
- Базени за пречистување на атмосферските води (таложници за бистрење на водата пред испуштање на истата во приемникот).

Со употреба на базените се постигнува:

- Заштеда во инвестиционите трошоци на каналската мрежа
- Можност за приклучување на нови делови на комплексот на постоечката канализација
- Санација на преоптеретените канали
- Заштита на реципиентот (ако се изгради преливен базен во кој ќе се изврши таложење на загадените супстанции пред испуштањето во приемникот)
- Растеретување на уредот за пречистување

Ги разликуваме следните шеми на ретенционии базени:

- Базени со паралелни споеви (прифатниот дождовен базен е растеретен)
- Базени со сериски спој (прифатниот дождовен базен се наоѓа на колекторот)
- Паралелен спој на проточен базен (проточниот дождовен базен е расетретен)
- Сериски спој ан проточниот базен (проточниот базен се наоѓа на колекторот).

8.Економско образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планските решенија

Со Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, за деталните урбанистички планови се бара да се изработи економско образложение преку кое ќе се прикажат севкупните вложувања и нивните оправданости . Тоа значи дека треба да се појасни за трошоците за документација, расчистување на земјиштето , инфраструктура и уредување на јавните површини.

Секако дека покрај ова има и други понезначителни трошоци што учествуваат во билансот на вкупни трошоци за уредување на просторот но овие не се земаат во предвид со оваа анализа.

Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат, таканаречено економско образложение , е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите и слични пресметки во идејните и основните проекти , а се изложени на промени на цените , неможност да се утврдат одделни ставки на трошоци , непредвидливост наодделни трошоци , обемот на уредување на градежното земјиште , постојниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостиг на егзактни елементи за докажување на одредени предпоставки и слично.

Поради се ова , оваа анализа треба да се земе апроксимативно и како ориентационо согледување која сосема условно може да се земе како планска одредба.

Реалната проценка за економската вредност на трошоците , направени или што треба да се направат околу урбанизирањето на просторот , проектирањето на целокупната инфраструктура , нејзината изградба , изградбата на објектите и доуредување на јавните патишта во урбаниот модул ќе произлезат од апроксимативните на неколкуте клучни позиции и тоа:

1. изградбата на комплетната инфраструктура во опфатот (сообраќајници, водовод, фекална и атмосверска канализација, високонапонска и нисконапонска мрежа со улично осветление, ПТТ инсталации) и нивно целосно поврзување на постојната мрежа,

2. партерно уредување на сите јавни површини (пристапни и противпожарни сообраќајници, интерни паркинзи и хортикултурно уредување со засадување на зеленило),

3. изработка на целокупната техничка документација за сите позиции заедно со вршење на стручен надзор при изградба на истите (3% од инвестиционата вредност)

Планското решение во Урбанистичкиот план вон населено место Којлија за мултифункционална зона - измени и дополнувања, блок 3, Општина Петровец, се базира на определбата за продуцирање на висококвалитетен простор за мултифункционални намени. Реализацијата на планските решенија, односно

изградбата на просторот ќе се одвива во неколку фази во согласност со архитектонско-урбанистичките решенија.

Атрактивноста на просторот се карактеризира со исклучителна поволност во однос на сообраќајната поврзаност која обезбедува лесен пристап и фреквентност на просторот, придонесува за поголемо вреднување на планското решение кое е предмет на аналитичкиот осврт за изработка на економско образложение на планско решение во урбанистичкиот план.

Изградбата и ставање во функција на предвидената дејност, ќе обезбеди остварување на стопански активности со директен или индиректен економски ефект. Ефектуирањето на економската вредност на планот отпочнува со реализација на предвидените инвестиции засновани на планските решенија преку изградба на објекти предвидени со планот.

Динамиката на реализацијата зависи од изведбата на инфраструктурните водови и објекти, а особено од изведбата на сообраќајната инфраструктура.

9. Мерки за заштита

9.1.Мерки за заштита на животната средина

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животна средина (Сл. Весник на Р.М. бр. 53/05). Планските решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите односно проектите произлегуваат и од факторот -заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој.

- Закон за животната средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08 , бр.83/09, 48/10 и 124/10);
- Закон за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06, бр.84/07 и 35/10);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.92/07 и 35/10);
- Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ бр.68/04, бр.107/07, бр.102/08, 143/08 и 124/10);
- Правилник за услови кои што треба да ги исполнуваат депониите (Сл.в. на РМ бр. 78/09)
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.в. на СРМ, бр. 79/07 и 124/10)
- Одлука за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава (Сл.в. на РМ бр.64/93)

– Правилник за максимално дозволените концентации и количества и за други штетни материи што можат да се испуштаат во воздухот од одделни извори на загадување Сл.в. на РМ бр. 03/90

- Закон за водите (Сл.в. на РМ, 4/98, бр.87/08, 06/09, 161/09 и 83/10);

Со овој плански документ заштитата се однесува на:

- Заштита на воздухот;
- Заштита на водата;
- Заштита на почвата;
- Заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комуналниот отпад;

За обезбедување на сите овие услови треба да се почитуваат следните Закони:

За планскиот опфат на УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, плански период 2010-2020, усвоен во 2011 година, е изработена и усвоена Студија за оценка на влијанието врз животната средина.

Основни загадувачи на просторот претставуваат технологиите на индустриските објекти, постоењето на моторен сообраќај и загадување предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да се изврши поделба на основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита

- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

- извори на бучава и мерки за заштита

Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат технологиите во опфатот кои треба да се во согласност со законската регулатива и еколошките дозволи.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да претставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина, односно во нареден плански период ќе се премине на економични начини на загревање - , со биогас, соларно, геотермално.

Загадување на почва и подземни води и мерки за заштита

Со планот се предвидува изградба на лесни индустриски капацитети, сервиси и бензинска пумпа кои содржат погони, магацини, енергани, котларници, управни згради, интерни патишта и паркинзи и останати инфраструктурни објекти.

Посебно за секој комплекс ќе се изработаат програми за контрола и обезбедување на квалитетот на соодветните производини програми за миење и санација на опремата и просторот.
На локацијата на секој индустриски капацитет ќе се постави систем за пречистување на отпадните води, а во делот на сервисните зони и бензинска станица ќе се постават фаќачи на масти и масла.
За правилно работење на пречистителните станици потребно е да се изведи одделна канализациона мрежа и тоа:

- Канализациона мрежа од санитарна отпадна вода
- Канализациона мрежа од технолошка отпадна вода
- Атмосферска мрежа од кровови на објекти
- Атмосферска мрежа од улици, паркинзи и манипулативен простор со завршно пречистување во маслофаќач

Канализационата отпадна вода потребно е да се третира со пречистителните станици додека атмосферските води директно се испуштаат во крајниот реципиент.

До негативно влијание (процедување, загадување) на тлото, односно на подземните води на самата локација, за време на нејзиното користење може да дојде ако:

- не се изгради разделен непропусен систем на одведувањена водата
- за чистење на производните простории и сл. се користат средства кои не се биоразградливи
- не се обезбеди собирање на нуспроизводот од биолошко потекло

На територијата на комплексите да се изгради разделен систем на одведување на отпадните води:

- атмосферски води – со ситем на сливници, цевовди и после таложењето можат да се одведат во околината со апсорбирачки бунари или во природен реципиент
- санитарни отпадни води – со канализациона мрежа ќе се одведуваат до системот за пречистување на санитарна отпадна вода каде поминуваат само низ биолошко пречистување на заедничкиот биолошки блок
- технолошки отпадни води – се одведуваат со посебен систем на подни канали, решетки, сифони и цевоводи до системот за пречистување на отпадната вода на локација
- замастени отпадни води – се пречистуваат со помош на маслофаќачи поставени надвор од објектот. Пречистената вода се испушта во крајниот реципиент.

Согласно законската регулатива, потребно е да се изработаат елаборати за заштита на животната средина, и во зависност од применетата технологија да се дефинира третман на отпадните води.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија од страна на овластени служби. Со тоа ќе се

спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенцијата на човекот.

Извори на бучава и мерки на заштита

При планирањето на објектите е потребно да се предвидуваат технологии и техники кои ќе допринесуваат за редукција на загадувањето со бучава и доведување на истото во законски дозволените параметри.

9.2.Мерки за заштита и спасување

Во согласност со Законот заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08 124/10,18/11)задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во за тоа предвидените центри.

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи

Во согласност со:

- Закон за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08 124/10,18/11)
- Закон за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07)
- Закон за управување спо кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05)
- Закон за управување со кризи (Сл в. на РМ бр: 29/05)

и другите позитивни прописи предвидени се следните мерки:

- Сите објекти треба да се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

- Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.
- Ивичниците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.
- Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа мора да се предвиди прстенест систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм.
Хидрантите треба да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законската регулатива.
- За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.

Мерки за заштита и спасување од урнатини

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

Мерки за заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на проектна документација за реализација на градбите, задолжителна е изработката на елаборати за геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Мерки за Радиолошка, Хемиска и Биолошка заштита

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08 124/10,18/11), член 56 и 87, да се предвидат следните мерки:

- да се предвидат мерки за заштита на луѓето, добитокот и растенијата од радиолошка, хемиска и биолошка опасност во согласност со законските прописи
- за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита,

материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

9.3. Зони на заштита од Управа за цивилна воздушна пловидба

При добивање услови за градба мора да се почитуваат "Зоните на заштита" дадени од Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Зоните на заштита се дадени во планската документација и истите означуваат:

1. Зона на забранета градба - на овој простор е забранета градба на било какви надземни објекти и структури и подолг престој.

2. Зона на ограничена градба 1 - на овој простор забранета е градба на објекти кои ја надминуваат рамнината со елевација од 283 м.н.в.

3. Зона на ограничена градба 2 - на овој простор забранета е градба на било какви објекти и структури кои ја надминуваат рамнината на елевација од 283 м.н.в. и другите означени елевации

Во условите за градба ќе се назначат просторите кои припаѓаат на соодветна зона на заштита.

10. Општи услови за изградба

-За дефинираните градежни парцели во планскиот опфат за кои се планира една површина за градење на повеќе објекти, треба да се изработи архитектонско-урбанистички проект, согласно чл. 51, став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 51/05,137/07,91/09,124/10,18/11,53/11).

- Предметниот плански опфат за Урбанистички план вон населено место Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, блок 3, е дефиниран како блок согласно УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона - изменување и дополнување, плански период 2010-2020, усвоен во 2011 година, со следните координати :

1.северозапад прекршна точка	X=553 099.8835,Y=646 262.0460
2.североисток прекршна точка	X=553 478.9757,Y=646 054.4380
3.југозапад прекршна точка	X=552 849.2569,Y=645 939.4785
4.југоисток прекршна точка	X=553 346.5896,Y=645 881.1736

- Регулационата линија го разграничува земјиштето на планскиот опфат и урбанистичките парцели од земјиштето наменето за општ интерес, јавни сообраќајни и други површини.

- Градежната линија ја одредува максималната површина за изградба на објектот. Градежната линија преставува пресек на вертикална рамнина од

најистуреniот дел на планираниот објект со рамнината на теренот освен стреата.

- Сите нумерички податоци во графичките прилози се ориентациони (графички очитани).

- Максималната висина за изградба е дефинирана од котата на влезот до венецот на објектите, дадена во метри и исто така дефинирана во број на етажи.

- Површината за градба е дефинирана со градежни линии дадени со планот во зависност од намената на објектот, како и параметрите дефинирани со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11).

- Коефициентот на искористување и процентот на изграденост се дефинирани во зависност од намената на објектот, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11).

- Основните решенија за инфраструктурата се дадени на подлоги со прикажана проекција. Бидејќи се работи за основни решенија сите елементи дадени во инфраструктурниот план се менливи доколку проектите од пониско ниво покажуваат поопправдани, поекономични или условени од аспект на време на реализација на решенија.

- Со овој Урбанистички план се предвидуваат следните наменски употреби на земјиштето (дефинирањето е според Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија број 142/10,64/11,98/11,169/11).

1. Комерцијални и деловни намени - (група на класа на намена **- Б)**

- Б2- големи трговски единици
- Б5 - хотелски комплекси

2. Јавни институции - (група на класа на намена **-В)**

- В2 – здравство

3. Производство, дистрибуција и сервиси - (група на класа на намена **- Г)**

- Г2 - лесна и незагадувачка индустрија

4. Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори - (група на класа на намена **-Д)**

- Д2 -заштитно зеленило

5. Инфраструктура - (група на класа на намена **- Е)**

- Е2 - комунална супраструктура - трафостаница
- Е2- комунална супраструктура - бензинска пумпна станица и услужен центар

